ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## ВОВЕД

Во Југоисточниот регион постојат јавни објекти кои се користат од страна на голем број граѓани, а се во руинирана и многу лоша состојба со застарена инфраструктура врз која дополнително негативно влијаат климатските фактори и надворешните влијанија, што доведува до зголемена потрошувачка на електрична енергија за нивно затоплување за да се создадатповолни услови за работа и извршување на секојдневните активности.  Кај дел од тие објекти и покрај големата потрошувачка на електрична енергија е скоро невозможно да бидат загреани и да се создадат услови за нормално функционирање. Од ист таков тип се и таргетираните објекти во општините Гевгелија, Радовиш и Босилово за кои со проектот е предвидена реконструкција и адаптација со замена на кров, столарија, енергетски ефикасна фасада и поставување на фотоволтаици на еден од објектите со цел намалување на трошоците.



# АКТИВНОСТИ

## О.РАДОВИШ

Реконструкција и адаптација на јавен објект на зграда ТППЕ – Радовиш која е во многу лоша состојба. Зградата датира од 1945 година и е со застарени дрвени прозорци и врати кои некои од нив не се затвараат целосно, ниту пак дозволуваат пријатна работна атмосфера поради провевот на ветар кој минува низ нив. Поради старата столарија и пукнатините во зградата, е речиси невозможно кога има неповолни надворешни влијанија и временски непогоди истата да се затопли бидејќи моментално се греат на дрва. Преку проектот предвидено е целосна реконструкција и адаптација на зградата на ТППЕ во општина Радовиш со површина од 156 м2 со замена на кров, столарија (прозори и врати) и енергетски ефикасна фасада, која ќе резултира со намалени трошоци за одржување на објектот, односно намалување на потрошувачката на енергенси за греење и ладење, како и подобрување на работните услови.

## О.БОСИЛОВО

- Реконструкција и адаптација на јавен објект на подрачно основно училиште „Кирил и Методиј" во с.Секирник – Босилово која исто така е во многу лоша состојба, кровната конструкција е нефункционална и често пати кога има дожд прокиснува и тече, фасадата е стара без изолација, излупена со пукнатини, столаријата е дрвена стара и пропушта провев во училниците. Во основното училиште моментално се затоплуваат само училниците во кои има деца и се греат на дрва со ќумбе кое што чади и ја загадува просторијата и нема соодветен тоалет, туку учениците мора да излегуваат надвор за да користат полско ВЦ, надвор од училишната зграда кое е во многу лоши услови. За подобрување на енергетската ефикасност на подрачното ОУ „Кирил и Методиј" во с.Секирник предвидено е реконструкција на кровот со поставување на фотоволтаици, нова термо фасада, промена на дел од внатрешната и надворешна столарија, како и изградба на санитарен јазол во склоп на училишниот објект што ќе резултира со постигнување на заштеди во поглед на трошењето на електричната енергија и подобри услови за учениците и вработените.

## О.ГЕВГЕЛИЈА

-Реконструкција и адаптација на јавен објект Спортски центар „Партизан" – Гевгелија. Овој спортски објект е со големо историско значење и датира од 1935 година позната и како „Соколски дом" и е во близина на стадионот во којашто се одржувале голем број на спортски и културни настани. Моментално е во руинирана состојба и е целосно нефункционален, со дрвена столарија со искршени стакла, руниран паркет, оштетена бина и нефункционални сали. Објектот не се затоплува, поради неговата моментална состојба и затоа не е во можност да се користи за било какви спортски активности.Преку проектот со реконструкција на кровот, промена на столаријата (прозори, врати) и енергетски ефикасна фасада, ќе се овозможи функционирање на објектот, негова енергетска ефикасност и нормални услови во кои ќе може да се обавуваат спортски активности не само за општина Гевгелија, туку и за соседните општини.